**20150170347**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Врз основа на член 41 од Законот за за превенција, спречување и заштита од семејно насилство („Службен весник на Република Македонија“ број 138/14), министерот за труд и социјална политика, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО И СЛЕДЕЊЕТО НА МЕРКИТЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЖРТВАТА НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО ПРЕЗЕМЕНИ ОД ЦЕНТАРОТ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА И ЗА НАЧИНОТ НА СЛЕДЕЊЕ НА ИЗРЕЧЕНИТЕ ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Предмет**

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на спроведувањето и следењето на мерките за заштита на жртвата на семејно насилство преземени од центарот за социјална работа (во натамошниот текст: центарот) и за начинот на следење на изречените привремени мерки за заштита од семејно насилство.

**Начин на постапување**

Член 2

Спроведувањето и следењето на мерките за заштита на жртвата на семејно насилство и следењето на изречените привремени мерки за заштита од семејно насилство изречени од судот, од страна на стручните лица во центарот се врши итно, со должно внимание на потребите на жртвата и почитување на правата на жртвата, во рамките на надлежностите на центарот, како и во соработка и координираност со институциите кои вршат дејност од областа на социјалната заштита, детската заштита, внатрешните работи, здравството, вработувањето и образованието.

Мерките за заштита се спроведуваат од страна на стручните лица во центарот со должно внимание за да се зајакне жртвата преку психо-социјална помош, поддршка и заштита, а за да се спречи идно насилство.

Спроведувањето и следењето на мерките за заштита на жртвата на семејно насилство и следењето на изречените привремени мерки за заштита од семејно насилство, стручните лица во центарот го вршат со почитување на основните слободи и права на жртвата, правото на живот, личениот интегритет, недискриминацијата, родовата еднаквост и разбирање на насилството од родова перспектива.

## II. НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ И СЛЕДЕЊЕТО НА МЕРКИТЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЖРТВАТА НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО ПРЕЗЕМЕНИ ОД ЦЕНТАРОТ ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА

**Итност на постапување**

Член 3

По добиеното сознание за сторено семејно насилство, како и непосредно по првиот контакт со жртвата, родителот односно старателот, од страна на стручните лица во центарот се спроведуваат мерки за заштита на жртвата на семејно насилство, имајќи ги во предвид интересите и потребите на жртвата, како и најдобриот интерес на детето односно лицето под старателство.

**Информирање на жртвата**

Член 4

Жртвата на семејно насилство се информира за правото на придружник, за право од здравствена заштита, за право на правна помош и совет, за право од социјална заштита, за мерките за заштита, за постапките за остварување на правата и нивниот тек, за правото да биде информирана за сите прашања во текот на постапките на начин и на јазик на кој жртвата ќе ги разбере своите права од страна на стручните лица во центарот, без оглед дали жртвата ќе користи услуги, програми и мерки за заштита.

За дете жртва на семејно насилство, покрај правата од став 1 на овој член, стручните лица во центарот овозможуваат засилена заштита на детето, го информираат детето согласно неговата возраст и степенот на психофизички развој за покренувањето и за причините за покренување на постапка која се однесува на уредување на односите на родителите и децата, за надзорот над вршењето на родителското право и за старателството, почитувајќи го правото на детето да учествува во постапките од интерес за неговиот живот, раководејќи се од најдобриот интерес на детето.

**Согласност на жртвата**

Член 5

По спроведеното информирање на жртвата, родителот односно старателот, од страна на стручните лица во центарот се овозможува жртвата слободно да ја изрази волјата за понатамошно преземање на мерки за заштита и за привремена заштита, врз основа на разбирање на постапката, целта и последицата за изборот на мерката за заштита и за начинот на нејзиното спроведување и следење.

Согласност на жртвата се дава во писмена форма на образец кој е даден во Прилог број 1 и е составен дел на овој правилник, кој содржи: штембил на центарот, податоци за информирање на жртвата за правата, потпис на жртвата и потпис на стручното лице, податоци за информирање за мерките за заштита, согласност на жртвата за спроведување на мерката за заштита, потпис и име и презиме на жртвата, потпис и име и презиме на стручно лице, датум и место, изјава за информираност и согласност за свикување на мултисекторски стручен тим и спроведување на безбедносен план за заштита, потпис и име и презиме на жртвата, потпис и име и презиме на стручното лице, датум и место.

**Проценка на потребата
за заштита**

Член 6

Идентификувањето и проценката на потребите на жртвата за заштита од семејно насилство, од страна на стручните лица во центарот се врши при првиот контакт со жртвата , врз основа на видот, интензитетот, контекстот на случување на насилството, траењето на насилството, здравствениот, економскиот и семејниот статус, возраста, како и други лични околности на жртвата на семејно насилство.

Истовремено со проценката од ставот 1 на овој член, се прави проценка и на ризикот од загрозување на животот и здравјето на жртвата, детето и членовите на семејството, со пополнување на прашалник за проценка на потребата за заштита на жртвата на образец кој е даден во Прилог број 2 и е составен дел на овој правилник.

Прашалникот за проценка на потребата за заштита на жртвата содржи: штембил на центарот, име и презиме на жртвата, датум, податоци за актуелното насилство/закана со насилство, податоци за претходно насилство (времетраењето и зачестеноста на

насилството), податоци за сторителот, податоци за децата во семејството, податоци за професионалната проценка за ризикот за загрозување на животот и здравјето на жртвата, потпис и име и презиме и на стручното лице, датум на свикување на мултисекторскиот стручен тим, име, презиме и потпис на стручното лице и забелешка на стручното лице.

Во случаи на проценка за постоење на ризик за загрозување на животот и здравјето на жртвата, детето и членовите на семејството, од страна на надлежниот центар се свикува мултисекторскиот стручен тим за изготвување на безбедносен план за помош на жртвата.

**Безбедносен план за помош**
**на жртвата**

Член 7

Мултисекторскиот тим при изготвувањето на безбедносниот план за помош на жртвата од член 6 од овој правилник, се раководи од претходната проценка на потребата за заштита на жртвата, детето и членовите на семејството изготвена од центарот и на сите сознанија на другите членови на тимот за ризикот за загрозување на животот и здравјето на жртвата, за детето и за членовите на семејството, и предвидува мерки за помош на жртвата согласно нејзините потреби.

Безбедносен план за помош на жртвата се пополнува на образец кој е даден во Прилог број 3 и е составен дел на овој правилник, кој содржи: штембил на центарот, податоци за информираност и согласност на жртвата за безбедносниот план за помош на жртвата, датум, име, презиме и потпис на жртвата, податоци за жртвата, за детето и за членовите на семејство кои се во ризик, податоци за насилството, податоци за ризикот и опасност од повторување на насилство, мерки за помош, динамиката и времетраењето на мерките во планот за безбедност посебно за секој член од тимот; потпис на членовите на мултисекторскиот тим, датум, оценка на мултисекторскиот стручен тим за постигнатите ефекти од планот односно дека престанал ризикот кој го оправдува спроведувањето на планот за безбедност и тоа врз основа на повторна проценка на ризикот, име, презиме и потпис на членовите на мултисекторскиот стручен тим.

Член 8

Мерките за заштита содржани во безбедносниот план за помош на жртвата се спроведуваат и следат преку реализирање на конкретна активност на членот на мултисекторскиот стучен тим, и тоа:

- контактирање со жртвата во првите 12 часа по усвојување на планот;
- контактирање редовно со жртвата, а најмалку еднаш на 24 часа за времетраење на планот за безбедност;
- обезбедување податоци за телефонски број на кој жртвата може да се јави во случај на непосредна опасност;
- обезбедување здравствени прегледи и медицинска документација;
- сместување во центар за лица - жртви на семејно насилство;
- обезбедување на право од социјална заштита;
- обезбедување на психо - социјална поддршка и советување;
- обезбедување на правен совет и бесплатна правна помош;
- привремено одземање на огненото оружје од насилникот и дозволите за оружје;
- известување до работодавецот за евидентираното семејно насилство во случај кога сторителот во рамките на извршување на работните задачи има пристап односно ракува со службено огнено оружје;
- известување до воспитна и образовна институција за ризикот врз децата од семејното насилство и повторување на насилството;

- навремено и целосно информирање на жртвата за текот на постапките против сторителот пред надлежни органи и исходот од постапките; и

- преземање на други мерки потребни за обезбедување помош на жртвата.

Во случај кога е поднесен предлог за изрекување на привремена мерка за заштита - отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот од страна на полициски службеник, истиот заедно со полицискиот извештај и планираните и преземените мерки и активности заради управување со ризикот се земаат во предвид при изготвување на безбедносниот план за помош на жртвата.

**Следење на мерките за заштита содржани во безбедносниот план за помош на жртвата**

Член 9

Следењето на спроведувањето на мерките за заштита содржани во безбедносниот план за помош на жртвата се врши од страна на членот на мултисекторскиот стручен тим од центарот, на начин што најмалку еднаш на 72 часа се остварува контакт со жртвата за текот на остварувањето на мерките за заштита од безбедносниот план за помош на жртвата согласно потребите на жртвата што го евидентира во Лист за следење на мерките за заштита од безбедносниот план за помош на жртвата на образец кој е даден во Прилог број 4 и е составен дел на овој правилник.

Лист за следење на мерките за заштита од безбедносниот план за помош на жртвата содржи: штембил на центарот, мерки и статус на спроведување, датум и потпис на стручното лице во центарот.

Центарот се известува за текот и ефектите од преземањето на мерките за заштита од страна на секој член на мултисекторскиот стручен тим во рамките на неговите задачи, најмалку еднаш дневно во текот на работната седмица, како и секогаш кога има сознанија за нови околности во врска со случајот, што членот од центарот го евидентира во Лист на следење на мерките за заштита од безбедносниот план за помош на жртвата.

Од страна на членот на мултисекторскиот стручен тим од центарот по добиено известување од друг член на мултисекторскиот тим или од жртвата за нови околности кои укажуваат за зголемен или нов ризик од загрозување на животот и здравјето на жртвата, детето или друг член на семејството веднаш се свикува мултисекторскиот тим за ревидирање на безбедносниот план.

Мултисекторскиот стручен тим прави оценка на ефектите од мерките за заштита врз безбедноста на жртвата најмалку еднаш неделно се додека постои ризик за загрозување на животот и здравјето на жртвата, детето и членовите на семејството и за повторување на насилството.

Безбедносниот план за помош на жртвата престанува да се спроведува кога мултисекторскиот тим, врз основа на повторна проценка на ризикот од загрозување на животот и здравјето ќе оцени дека ризикот престанал по однос на жртвата, детето или друг член на семејството.

**Повлекување на согласност**

Член 10

Во случај на повлекување на согласноста на жртвата од член 5 од овој правилник, од страна на стручните лица во центарот се проценуваат причините за повлекување на дадената согласност, се обезбедува психо - социјална поддршка заради зајакнување на жртвата за формирање на слободна волја за користење на мерките за помош и заштита, а доколку се процени дека постои ризик за загрозување на животот и здравјето на жртвата, се известува мултисекторскиот стручен тим, ако во семејството има дете.

**Сместување во центар за лица - жртви на семејно насилство**

Член 11

Мерката за заштита сместување во центар за лица-жртви на семејно насилство, се спроведува во случај кога за лицето - жртва на семејно насилство постои сознание за реална закана по животот и здравјето, а заради заштита на жртвата, ценејќи ги ресурсите во семејната и социјалната средина за прифаќање на жртвата, по добиено решение од центарот.

По сместувањето на лицето жртва на семејно насилство во центар за лица-жртви на семејно насилство, од страна на стручните лица од центарот се спроведува планот за индивидуална работа со жртвата, како и други мерки за помош и заштита, согласно нејзините потреби.

**Соодветна здравствена заштита**

Член 12

Мерката за заштита соодветна здравствена заштита за лицето - жртва на семејно насилство се спроведува од страна на стручното лице во центарот, на начин што на жртвата и се помага да го оствари правото на здравствено осигурување, односно здравствена заштита и доколку е потребно и соодветен медицински третман и медицинска документација.

**Соодветна психо - социјална интервенција и третман**

Член 13

Мерката за заштита соодветна психо-социјална интервенција и третман на лицето-жртва на семејно насилство се спроведува преку давање на првична кризна интервенција за помош на жртвата на семејно насилство, советодавна помош од стручен работник и советувалишна интердисциплинарна тимска работа.

**Психо - социјален третман во советувалиште**

Член 14

Мерката за заштита психо - социјален третман во советувалиште се спроведува со упатување на лицето- жртва на семејно насилство во советувалиште, со негова согласност и по утврдена потреба за специфична стручна помош и третман во соодветното советувалиште.

**Помош на семејството за редовно школување на дете**

Член 15

За спроведување на мерката за заштита помош на семејството за редовно школување на дете, од страна на стручните лица во центарот се преземаат потребни мерки детето да се вклучи или да продолжи да посетува редовно образование и се преземаат други потребни дејствија за негово редовно школување.

**Правна помош и застапување**

Член 16

Мерката за заштита правна помош и застапување на лице-жртва на семејно насилство се спроведува преку обезбедување на советување на жртвата за правата и законските постапки кои можат да се покренат за надминување и спречување на семејното насилство, од страна на стручно лице во центарот.

Мерката за заштита од став 1 на овој член, може да се спроведе и со упатување на жртвата на семејно насилство во здружение кое е запишано во Регистарот на здруженија на граѓани од областа на социјалната заштита, за давање на правна помош и застапување на жртви на семејно насилство.

**Економско јакнење на жртвата преку нејзино активно вклучување на пазарот на трудот**

Член 17

Мерката за заштита економско јакнење на жртвата се спроведува со советување за правата и законските постапки за вклучување на лицата жртви на семејно насилство во активните мерки за вработување, во координација и соработка на стручните лица во центарот и Агенцијата за вработување на Република Македонија-надлежниот центар за вработување, заради вклучување на жртвата на семејно насилство на пазарот на трудот.

Член 18

Од страна на стручните лица во центарот се изготвува проценка на потребите за заштита на жртвата, план за индивидуална работа со жртвата и се следат изречените привремени мерки за заштита, преку контакти со лицето - жртва на семејно насилство, други лица, и со преземање на други потребни дејствија, предвидени во програмата за следење, заради континуирано согледување на состојбата на лицето - жртва на семејно насилство и нејзините потреби за понатамошна помош и заштита.

## III. НАЧИН НА СЛЕДЕЊЕ НА ИЗРЕЧЕНИТЕ ПРИВРЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

Член 19

Следењето на изречените привремени мерки за заштита, од страна на стручното лице во центарот се врши преку редовни барања информации од институции и органи вклучени во нивното спроведување, контакти со лицето-жртва на семејно насилство и други лица, како и со преземање на други дејствија врз основа на кои може да утврди дали е постигната целта од изречената мерка.

Од страна на стручното лице во центарот се евидентира секое дејствие кое се презема во текот на следењето на привремените мерки за заштита и се изготвува известување со мислење за текот и начинот на остварување на целта од извршувањето на мерката, кое се доставува до судот кој ја изрекол мерката/те за привремена заштита.

Врз основа на следењето на мерките и согласно оценката за ефектот за спроведување на мерката, од страна на центарот во согласност со жртвата, се доставува до судот предлог за продолжување, замена или укинување на мерката и преземање на други дејствија согласно закон.

Член 20

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот на спроведување и следење на изречените мерки за заштита на семејството и лицата-жртви на семејно насилство преземени од центарот и за начинот за следење на привремените мерки изречени од судот („Службен весник на Република Македонија“ број 103/07).

Член 21

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 10-926/1
30 јануари 2015 година
Скопје

Министер
за труд и социјална политика,
**Диме Спасов,** с.р.

**Прилог бр. 1**

**(штембил на центарот)**

**Согласност на жртвата за мерки за заштита**

**1. Податоци за информирање на жртвата за правата**

| Целосно сум информиран/а за следните права: | Забелешка |
|---|---|
| 1. Право на придружник | |
| 2. Право од здравствена заштита | |
| 3. Право на правна помош и совет и каде да се обратам | |
| 4. Право од социјална заштита<br>1.____________________<br>2.____________________<br>3.____________________<br>4.____________________<br>5.____________________ | |
| 5. Право на информирање на начин и на јазик на кој ќе ги разберам правата | |
| 6. За процедурите како да ги остварам правата и нивниот тек | |
| 7. Право да бидам информиран/а за сите прашања во текот на постапките | |

Потпис на жртвата　　　　　　　　　　　　Потпис на стручно лице

____________________　　　　　　　　　　____________________

**2. Податоци за информирање за мерките за заштита**

| Целосно сум информиран/а за следните мерки за заштита и за достапните услуги за помош и заштита | Потпис на жртвата | Датум | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1. Сместување во центар за лица - жртви на семејно насилство. | | | |
| 2. Соодветна здравствена заштита. | | | |
| 3. Соодветна психо - социјална интервенција и третман. | | | |
| 4. Психо - социјален третман во советувалиште. | | | |
| 5. Помош на семејството за редовно школување на дете. | | | |
| 6. Правна помош и застапување. | | | |
| 7. Економско јакнење на жртвата преку нејзино активно вклучување на пазарот на трудот | | | |

**3. Согласност на жртвата за спроведување на мерка за заштита**

Потврдувам дека ги прочитав и ги разбрав информациите кои ги добив за правата и за мерките за заштита. Добив задоволителни објаснувања кои ми овозможија да ја разберам постапката, целта на мерката/те за заштита и за спроведувањето и следењето. Информиран/а сум дека можам во секое време да ја повлечам согласноста без да трпам последици за тоа.

*ИЗЈАВУВАМ СОГЛАСНОСТ* за спроведување и следење на следната/те мерка/и

____________________________________________________________
(мерка/и за заштита)

Потпис на жртва

________________________
Име и презиме

Потпис на стручно лице:
Име и презиме ________________________
Име и презиме ________________________
Име и презиме ________________________

Датум и место

__________________

*Информиран/а сум и ИЗЈАВУВАМ СОГЛАСНОСТ* за свикување на мултисекторскиот стручен тим и спроведување на безбедносниот план за заштита

Потпис на жртва

________________________
Име и презиме

Потпис на стручно лице:
Име и презиме ________________________

Датум и место

______________

**Прилог бр. 2**

**(штембил на центарот)**

**Прашалник за проценка на загрозеноста на животот и здравјето на жртвата, децата и членовите на семејството**

Име на жртвата_______________________________ Датум_________________________

**1. Податоци за актуелното насилство/закана со насилство**

| Објаснете и на жртвата дека целта на овие прашања е проценка заради обезбедување на заштита | ДА | НЕ | Не знам | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1.Дали актуелниот инцидент резултирал со повреда? | | | | |
| 2. Постои ли стравување од повторно насилство? | | | | |
| *Неведете од што и од кого се плаши во овој момент* | | | | |
| 3. Постои ли чувство на безизлезност? | | | | |
| 4. Постои ли контролирачко однесување од страна на насилникот? | | | | |
| *Наведете како се манифестира* | | | | |
| 5. Постои ли физичко насилство? | | | | |
| *Наведете како се манифестира?* | | | | |
| 6. Дали сторителот употребил во последниот инцидент предмет или орудие да ве повреди? | | | | |
| 7. Постои ли закaнувачка содржина или заканувачки начин на однесување на сторителот? | | | | |
| *Наведете како се манифестира* | | | | |
| 8. Постои ли следење, пишување пораки, звонење на телефон, чекање или вознемирување на друг начин? | | | | |
| *Наведете како се манифестира* | | | | |
| 9. Постои ли закана по телото и животот на жртвата или за друго лице? | | | | |
| *Наведете како се манифестира* | | | | |
| 10. Дали сторителот поседува или има пристап до огнено оружје? (*подвлечете што соодветствува*) | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11. Постои ли принудување на сексуален однос или друго полово дејствие и покрај несогласувањето на жртвата? | | | | |
| 12. Дали сторителот бил под дејство на алкохол при извршувањето на актуелното насилство? | | | | |
| 13. Дали сторителот бил под дејство на дрога и други психотропни супстанции при извршувањето на актуелното насилство? | | | | |
| 14. Дали сторителот има проблеми со психичкото здравје? | | | | |
| 15. Дали сте разделени или се обидовте да се разделите од сторителот? (*подвлечете што соодветствува*). | | | | |
| 16. Дали стравувате од проширување на насилството врз децата/други членови на семејството (*да се подвлече на што се однесува или и двете*). | | | | |
| 17. Дали верувате дека е способен да ве убие вас, децата, вам блиско лице? *Ако да, подвлечете што соодветствува?* | | | | |
| 18. Што ќе го зголеми вашето чувство на безбедност? | | | | |

**2. Податоци за претходно насилство (времетраење и зачестеноста на насилството)**

2.1. Постои ли предходно насилство? ДА НЕ

Ако ДА, дали имало нанесување на телени повреди ДА НЕ

2.2. Дали сте побарале здравствена помош за повредите? ДА НЕ

Ако ДА, опишете________________________________________________

2.3. Постоело ли контролирање на однесувањето и контактите? ДА НЕ

Ако Да, опишете ____________________________________________________

2.4. Кога за првпат започнало насилството: прв инцидент, пред 6 месеци, пред 1 година, повеќе од 1 година , колку _________. (*подвлечето што соодветствува*)

2.5. Колку често се случува насилството: прв инцидент, неделно ____наврати, месечно ___, и друго______________.(*подвлечето што соодветствува*)

2.6. Дали насилството се зголемува? ДА НЕ

2.7. Како се манифестирало претходното насилство? (да се опише почнувајќи од видот и интензитетот на иницијалното насилство кон последниот инцидент) ____________________________________________________________

2.8. Дали насилството се случува пред блиски роднини со кои жртвата живее во заедничко домаќинство? ДА НЕ

Ако Да, пред кого________________________________________________

2.9. Дали сторителот добива поддршка за вршење насилството од други членови на семејството, роднини или пријатели? ДА НЕ

Опис од кого ________________________________________________

2.10. Дали жртвата има поддршка и заштита од насилството од некој член на семејството/домаќинството во кое живеете? ДА НЕ

Ако да, да се наведе од кого__________________________________________

2.11. Дали жртвата има поддршка и заштита од блиски роднини? ДА НЕ

Ако ДА, да се наведе од кого________________________________________

2.12. Дали жртвата побарала помош ? ДА НЕ

Ако Да, кога и каде__________________________________________________

**3. Податоци за сторителот**

3.1. Дали е претходно пријавуван за семејно насилство од други лица ?

ДА НЕ Не знам

Ако ДА, од кого__________________________________________________

3.2. Дали претходно му е изречена привремена мерка за заштита од СН?

ДА НЕ Не знам

Ако е ДА, дали е во тек или има замена или завршила______________________

3.3. Дали со последниот инцидент прекршил изречена привремена мерка? ДА НЕ

Ако ДА, која__________________________________________________

3.4. Дали сторителот е претходно пријавуван од полицијата или пак има претходни пресуди?

ДА НЕ Не знам

Ако ДА, подвлечете за што: сексуално насилство, семејно насилство, убиства, тепачки, друго__________________________

3.5. Дали сторителот е вработен? ДА НЕ

*Ако е ДА, наведете каде* ________________________________

3.6. Дали редовно консумира алкохол и се опијанува? ДА НЕ

*Ако ДА колку често* ________________________________

3.7. Дали употребува дроги и психотропни супстанции? ДА НЕ

3.8. Дали се лекувал/ла од зависност? ДА НЕ

*Ако е ДА, кој вид на зависност и каде* ______________________

3.9. Дали е насилен/а кон други членови на семејството? ДА НЕ
*Ако е ДА, наведете кој* ________________________________

*Податоци за сторителот*

| |
|---|
| |

**4. Податоци за децата во семејството**

**Доколку во семејството има деца, пополнете ги следните прашања:**

4.1. Дали децата трпат насилство? ДА НЕ

*Ако е ДА, кој тип на насилство:*

физичко психичко друго__________ (подвлече што соодветствува)

4.2. Дали имате конфликти околу контактите со децата? ДА НЕ

Ако Да, опишете ________________________________

4.3. Дали има донесено решение за уредување на лични односи со родителот со кој детето не живее заедно? ДА НЕ

4.4. Дали го прекршил/а решението за видување со деца? ДА НЕ

Ако Да, опишете ________________________________

**5. Податоци за професионалната проценка за ризикот за загрозување на животот и здравјето на жртвата**

***За стручните лица:*** *Дали има било какви други релевантни информации од страна на жртвата или од професионалец кои се во прилог на оценката на загрозување на животот и здравјето на жртвата/детето? Се зема предвид контекстот на жртвата, бременост, вработеност, рурална/урбана средина, некаков вид попреченост кај жртвата, јазична или културна бариера, проблеми со психичкото здравје или други околности на жртвата*

______________________________________________________________________________
______________________________________________________________________________
_______________________________________________________________________

Дали сметате дека постојат ризици по децата во семејството? ДА НЕ

Дали сметате дека постојат ризици по др. членови на семејството? ДА НЕ

Кои се главните приоритети за да се обезбеди заштита на жртвата?

____________________________________________________________________

Дали сметате дека за овој случај треба да постапува мултисекторскиот стручен тим?

ДА НЕ

Потпис: Датум:

______________________________ ____________

Име и презиме на стручното лице

Доколку е ДА, потврдете дека е свикан мултисекторскиот стручен тим

Дата на свикување на мултисекторскиот тим: _________________

Потпис : Датум:

______________________________ ____________

Име и презиме на стручното лице

Забелешки на стручното лице

| |
|---|
| |

**Прилог бр.3**

**(штембил на центарот)**

**Безбедносен план за помош на жртвата**

**1. Информираност и согласност на жртвата за безбедносниот план за помош на жртвата**

Дали жртвата е информирана за безбедносниот план за заштита и неговата содржина? ДА/НЕ

Дали жртвата е согласна за свикување на мултисекторскиот тим, размена на нејзините лични податоци и содржината на безбедносниот план? ДА/НЕ

Ако е ДА на претходните две прашања,

- Од што се плаши жртвата? (да се наведат сите потенцијални закани, не само од сторителот)

- Со кого жртвата смета дека е безбедно да се разговара?

- Со кого жртвата смета дека не е безбедно да се разговара?

______________________

**Датум**

______________________

**Име и презиме**

______________________

**Потпис**

**2. Податоци за жртвата, за детето и за членовите на семејство кои се во ризик**

| Име и презиме и контакт податоци | **Релевантни податоци за спроведување на безбедносниот план** *(пол, возраст, брачна состојба, релација со насилникот, вработеност, извор на приходи, лични ресурси и потенцијал за поддршка од семејната и социјалната средина на жртвата, состојба со живеалиштето и други релевантни податоци).* |
|---|---|
| 1. | |
| 2. | |
| 3. | |
| 4. | |
| 5. | |

**3. Податоци за насилството**

| **1. НАСИЛСТВО** | **ДА** | **НЕ** | **ЗАБЕЛЕШКА** |
|---|---|---|---|
| Актуелно | | | |
| Физичко повредување | | | |
| Тешко физичко повредување | | | |
| Физичко повредување со предмети и орудија | | | |
| Психичко насилство | | | |
| Закани за убиство | | | |
| Закани за самоубиство | | | |
| Заплашување, забрани, контролирачко однесување | | | |
| Вербални навреди | | | |
| Навредувачко однесување | | | |
| Претходно насилство | | | |
| Повредување на деца | | | |
| Насилството се случува во присуство на деца | | | |
| Жртвата може безбедно да контактира | | | |
| Друго___________________________________ | | | |
| 2. СТОРИТЕЛ (*Име и презиме, контакт податоци, поседување дозвола за огнено оружје и огнено оружје, дали е претходно пријавуван/а за сторено семејно насилство, вработеност, сознанија за болести на зависност и нарушено психичко здравје*) | **Забелешка** | | |

| | |
|---|---|
| | |
| 3.Други околности релевантни за безбедноста на жртвата | **Забелешка** |
| | |

**4. Податоци за ризикот и опасност од повторување на насилство**

| |
|---|
| |

**5. Мерки за помош, динамиката и времетраењето на мерките во планот за безбедност посебно за секој член од тимот**

| Бр. | **Мерка** | **Динамика** | **Траење** (дата на почнување) | **Одговорно лице** (име и презиме) |
|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | |
| 2 | | | | |
| 3 | | | | |
| 4 | | | | |
| 5 | | | | |
| 6 | | | | |
| 7 | | | | |
| 8 | | | | |
| 9 | | | | |
| 10 | | | | |
| 11 | | | | |

**Потпис на членовите на мултисекторскиот стучен тим** ________________________________

________________________________________________________________________

**Датум:** ________________

**6. Оценка на мултисекторскиот стручен тим за постигнатите ефекти од планот односно дека престанал ризикот кој го оправдува спроведувањето на планот за безбедност и тоа врз основа на повторна проценка на ризик**

| Оценка за ефектите од планот со податоци за времетраењето на планот | Повторна проценка на ризикот со датум | Оценка за понатамошно спроведување на безбедносниот план |
|---|---|---|
| | | |

**Мултисекторски стручен тим**

Име и презиме____________________________________ потпис________________________

Име и презиме____________________________________ потпис________________________

Име и презиме____________________________________ потпис________________________

Име и презиме____________________________________ потпис________________________

Име и презиме____________________________________ потпис________________________

**Прилог бр. 4**

**( штембил на центарот)**

**Лист за следење на мерките за заштита од безбедносниот план за помош на жртвата**

| Бр. | Мерка и статус на спроведување | Датум и потпис на стручното лице во центарот |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |